Извршните директори на МЦМС го сочинуваат Одборот на директори кој е орган на секојдневно управување со работниот процес на МЦМС. Овој конкурс е отворен за избор на два извршни директори.

***Кандидатите треба да имаат:***

- Познавање на мисијата на МЦМС и концептите на граѓанско општество;
- Способност за водство ориентација, управување и мотивирање на другите;
- Знаења за генерален менаџмент - основни раководни концепти, организациски развој, стратешко планирање, оценување, финансиско планирање и раководење, раководење со човечки ресурси;
- Способност за комуникација и презентација;
- Висок интегритет, одговорност и отчетност;
- Почит за другите, вклучителност и партиципативност, поддршка на мултикултурноста.

**Конкурсот е отворен до 30 јуни 2016 година.**

Пријавување на конкурсот се врши со писмо, биографија во формат на МЦМС, краток есеј за прашање од јавната политика од значење за МЦМС (до три страници), кратка изјава за сопственото видување на МЦМС (до една страница), кратка изјава за целите во кариерата (до една страница).

***Преземи потребни документи:***

- опис на работното место ,
- правилник за избор на ОнД ,
- пријава за извршен директор ,
- биографија во формат на МЦМС .

Изборот го врши Управниот одбор на МЦМС, кој има право да избере двајца од кандидатите, само еден или да не избере никого (при што постапката ќе се повтори во

рок од два месеци).

Дополнителни информации можат да се побараат исклучиво на е-поштата izbor@mcms.mk на која треба да се доставaт и пријавите.